# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **29.04.2021 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 5** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за наградување на ученици за успеси на републички, олимписки и меѓународни натпревари бр. 0801- 1083 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106**
**29. 04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („ Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002), член 8 став 1 точка 35 од Статутот на општина Свети Николе („Службен гласник на општина Свети Николе“ бр.03/2021) и член 140 од Деловникот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 1/06) Советот на Општина Свети Николе на ден 29.04.2021 го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ

### На Правилникот за наградување на ученици за успеси на републички, Олимписки и меѓународни натпревари

### Член 1

Со овој Правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за наградување на ученици за успеси на републички, Олимписки и меѓународни натпревари бр. 0801-662 од 04.12.2019 година и тоа:

Во членот 4   во ставот  2 по зборовите:

„Наградите се  исплаќаат од буџетот на општина Свети Николе со средства предвидени за оваа намена “

Се додава:

„во рамки на своите можности за тековната година, во случај да доставените барања го надминуваат износот предвиден за оваа намена за тековната година истите се префрлаат за исплата во наредната година

**Член 4**

Изменување и дополнување на овој Правилник се врши на начин како и што се донесува.

.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Свети Николе“ а ке се применува по неговото донесување .

**Бр. 0801 -1083** **Совет на Општина Свети Николе**

**29.04. 2021 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Кире  Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06),  Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за Јавни работи во 2021 година бр. 0801- 1084 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе  на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/2** **Општина Свети Николе**
**29. 04. 2021 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/2002) член 8 став 1 точка 8 и 14 од Статутот на општина Свети Николе „Службен гласник на општина Свети Николе“ бр.03/2021) како и врз основа на член 7, став 1 од Законот за комунални дејности („Сл. весник на РМ“ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 31/16, 64/18 и „Сл.Весник на РСМ бр.302/2020), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден. 29.04. 2021 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за Јавни работи во 2021 година**

**Рамка на програмата**

Комуналните дејности се дејности од јавен интерес. Основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето на комуналните дејности, финансирањето на изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфратсруктура се уредуваат со Законот за комунални дејности.

Според членот 7 став 1 и 2 од Законот за комунални дејности :

„Комуналните дејности се вршат врз основа на развојни планови и програми. Развојните планови за вршење на комунални дејности се донесуваат во период од три години од страна на Советот на Општината“.

Горенаведениот закон вклучува одредби со кои што се уредени одредени надлежности на Општината и јавните комунални претпријатија основани од Општината , како даватели на комунални услуги. По овие одредби потребно е да се предвидат соодветни акти односно активности, кои што треба да се донесат односно превземат. Напорите на Општина Свети Николе во 2021 година ќе бидат насочени кон донесување на сите потребни акти и програми со цел ефикасно извршување на комуналните услуги согласно овој закон преку примена и на дополнителни и нови практични пристапи со цел исполнување на надлежностите на локалната самоуправа согласно законските одредби во оваа област.

**Развојни приоритети**

Согласно Законот за локална самоуправа една од клучните надлежности на општините е планирањето на локалниот економски развој, водење на локална економска политика, потоа поддржување на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво, како и промовирање и воспоставување на партнерства. Во оваа насока, Советот на Општина Свети Николе усвои Стратегија за локален развој на општината во која главна стратешка цел е намалување на невработеноста која во Општина Свети Николе изнесува 1540 лица според официјалните податоци од Центарот за вработување (**Извор**: www.av.gov.mk/ Преглед со состојба 31.01.2021 г.).

Од извршената Анализа на пазарот на трудот на Општина Свети Николе меѓу другото констатирано е дека:

- Огромно е учеството на невработените со ниско ниво на образование (без образование или со основно образование т.е неквалификувани) – 39 % од вкупниот број на невработени.
- Голем е бројот на невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 години - 56%.
- Голем е бројот на невработени лица на возраст над 55 години – 38% од вкупниот број на невработени.

За да се стимулира вработувањето на овие најзагрозени категории на невработени лица се предвидува нивно ангажирање во организирани работни активности во рамките на програма за Јавни работи од областа: Одржување и обновување на јавната инфраструктура и Одржување и заштита на животната средина.

За извршување на оваа надлежност во општина Свети Николе одговорно е ЈКП „Комуналец“ и Општината преку Одделението за Комунални дејности

Со цел да се даде поддршка на работата на јавните претпријатија и општината за ефикасно спроведување на надлежноста од областа на заштита на животната средина и природа, уредување на просторот и градежното земјиште и комуналните дејности (одржување на јавна чистота) потребно е превземање на организирани акции со поддршка на општината и ЈКП, во кои ќе се ангажираат дополнителни човечки ресурси со моментален статус на невработени лица.

Во општина Свети Николе има голем број на слободна работна сила која може да биде ангажирана во работни активности кои не бараат стручност и формално образование, а се во рамките на програмските активности на јавните претпријатија и Општина Свети Николе. При спроведување на организираните акции, предност ќе се даде на вработување на долгорочно

невработените лица (56% од вкупниот број на невработени) која е најбројна во општината, на неквалификуваната работна сила со ниско ниво на образование (39% од вкупниот број на невработени) и на невработените лица на возраст над 55 години (38% вкупниот број на невработени).

**Цел**

Основна цел на Програмата е да се даде придонес кон:

- Намалување на стапката на невработеност, привремено намалување на сиромаштијата и економско-социјалните тензии преку ангажирање на 12 невработени лица за период од 5 месеци, со акцент на долгорочно невработени неквалификувани и полуквалификувани лица,
- Обезбедување на посовремени услови за живот и работа на граѓаните преку обновување и уредување на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната средина.

**Програмски активности**

Во рамките на програмата за Јавни работи, Општина Свети Николе во парнерство со ЈКП Комуналец, за период од 5 месеци ќе ангажира 12 невработени лица со акцент на долгорочно неработени лица, неквалификувани и полуквалификувани. Со проектот ќе се спроведат работни активности од областа на заштита на животната средина за чистење и одржување на критичните точки од аспект на загадувањето (градски паркови, детски игралишта, излетнички места, гробишта, просторот на индустриската зона, дивите депонии во и околу градот), и од областа на обновување и одржување на јавната инфраструктура т.е уредување и санација на уличната инфраструктура во градот Свети Николе.

Програмата предвидува извршување на следните групи на активности по одредена временска динамика:

(Динамичкиот план за извршување на активностите е во прилог):

**1 активност:**

Чистење, хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема (клупи, летниковци и корпи за отпадоци) во градските паркови, детските игралишта

**2 активност:**

Санација на тротоарните површини, хортикултурно уредување и расчистување на центарот на градот Свети Николе,

**3/ активност:**

Чистење и уредување на излетничко место Ѓуриште и излетничко место Крушки, и езеро Мавровица

**4 активност:**

Расчистување на дивите депонии во и околу градот вклучувајќи ја индустриската зона и порамнување на цврстиот отпад во градежната депонија,

**5 активност:**

Чистење на одводен канал во градски гробишта,

**6 активност:**

Санација на пристапни пешачки патеки, хортикултурно уредување и расчистување на јавните гробишта.

**Финансирање**

Со Програмата е предвидено да се ангажираат 12 лица на кои ќе им се исплаќа надоместок во износ од 16.000,00 денари – бруто плата.

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 1.000.000,00 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2021 година.

Средствата во износ од 1.000.000,00 денари се од буџетот на Општина Свети Николе и ќе бидат наменети за плаќање на надоместок за извршените јавни работи на 12 ангажирани лица за период од 5 месеци. И истите ке бидат работно ангажирани од страна на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе

**Распоредување на буџетските средства**

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

**Завршни одредби**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр.0801- 1084**
**29.04. 2021 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за определување на локации за одредување на локации за депонирање на градежен шут и земја од ископ бр. 0801- 1085 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/3**
**29. 04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 54 став 5 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на РМ“ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и Службен весник на РСМ бр.31/20), како и член 8 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Свети Николе („Сл.гласник на Општина Свети Николе“ бр.3/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.04. 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одредување на локации за депонирање на**
**градежен шут и земја од ископ**

**член 1**

Со оваа одлука се одредуват локации за депонирање на градежен шут и земја од ископ.

**член 2**

За депонирање на градежен шут и земја од ископ се одредуваат локациите и тоа во:

1.дел од КП 1517/1 ,од северна страна во м.в.Горни Ливади
2.КП 1659 во м.в.Канабаир
3.дел од КП 1602/1 , од источна страна во м.в.Орлева река
4.КП 1614 во м.в.Орлева река

**член 3**

Со депониите ќе управува ЈКП „Комуналец" – Свети Николе.

**член 4**

Се задолжува ЈКП „Комуналец" – Свети Николе да ги означи и ограничи локациите предвидени за депонирање на градежен шут и земја од ископ.

**член 5**

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката на Совет на Општина Свети Николе број 0701-316 од 06.05.2009 година, со што престанува да важи и правото за депонирање на градежен шут и земја од ископ на досегашните локации – увалата на реката Мавровица, означена како место за одложување со КП број 7770 и локацијата во месност Чировец - дел од парцелата со КП број 3911 и 3916.

**член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801 -1085** | **Совет на Општина Свети Николе**
**29.04. 2021 година** | **Претседател,**
**Свети Николе** | **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука За намалување на обврска за плаќање надомест за уредување градежно земјиште бр. 0801- 1086 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/4** | **Општина Свети Николе**
**29. 04. 2021 година** | **Градоначалник,**
**Свети Николе** | **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на чл.36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), чл. 97 в.в. чл. 96 став 2 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15...275/19), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр. 193/16), Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната

инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр. 72/18) , чл. 59 став 12 од Законот за градење (Сл.весник на РМ бр. 130/09...279/20), Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Свети Николе за 2021 година  број 0801-951 од 30.11.2020 и Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Свети Николе за 2021 година број 0801-982 од 30.12 2020 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.04. 2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**За намалување на обврска за плаќање надомест за уредување градежно земјиште**

Чл.1

На инвеститорите „Мато инженеринг “ дооел од Куманово и „Астра“ дооел од Свети Николе обврската за плаќање надомест за уредување градежно земјиште за изградба на објект со намена А2 – колективно домување на КП бр. 9284/3 КО Свети Николе – град во сопственост на инвеститорите  има се намалува за 1.858.144,00 денари, па наместо 3.716.289,00 денати инвеститорите ќе платат надомест за уредување на градежно земјиште во износ то 1.858.145,00 денари.

Чл.2

За делот од 1.858.144,00 денари како износ  за кој е намалена вкупната обврска инвеститорите ќе изградат паркинг простор на КП бр. 9284/1 КО Свети Николе – град во сопственост на РС Македонија, а според основен проект со тех.бр. 21-2020 изработен од КОД проект од Скопје.

Чл.3

По изградбата на паркинг просторот и извршениот технички прием, истиот станува сопственост на РС Македонија.

Чл.4

За спроведување на оваа Одлука градоначалникот на општина Свети Николе со инвеститорите ќе склучи посебен договор во кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

Чл.5

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното објавување во  Службен гласник на општина Свети Николе.

**Бр. 0801 -1086**
**29.04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире  Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06),  Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за донесување на Урбанистички план за село Кадрифаково, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе бр. 0801- 1087 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/5**
**29. 04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/2016, 64/18 и 168/18), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.04. 2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план за село Кадрифаково, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВАУрбанистички план за село Кадрифаково, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе, за плански период 2016-2026 година, Општина Свети Николе, со технички број 3117 од декември 2020 година,изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци

**Член 2**

Границатанапланскиотопфат едаденавографичкиотприлог и претставена описно

- На северна страна границата на планскиот опфат се движи северно одавтопатот А4 (Скопје пат Штип), го сече патот за Ерџелија и повторнопродолжува да се движи северно од автопатот А4, односно низ КП бр.220/3, се до јужно од КП бр. 309/4.
- На исток границата го сече автопатот А4 и продолжува јужно низ КП бр.309/3, стариот пат Скопје –Штип, минува низ западната граница на КП бр.303, источната граница на КП бр. 298, КП бр. 297, низ КП бр. 293,продолжува низ суводолица се до КП бр. 296/1.
-На југ границата продолжува кон запад од точка која лежи на КП бр.296/1, потоа продолжува по јужните граници на КП бр.492/1, КП бр. 498,КП бр. бр. 477, КП бр. 476, КП бр. 456/1, и завршува на КП бр. 455.
- На запад границата на опфат започнува од западната граница на КП бр.455, КП бр. 414, КП бр. 427/1, се движи низ воден тек, ги опфаќа КП бр.367 и КП бр. 365, продолжува по воден тек се до КП бр. 422, од кадепродолжува северно до автопатот А4.

Планскиот опфат е со површина од **33.1 ха.**

**Член 3**

Соурбанистичкиот план се утврдени следните класи на намени:

**А – Домување**
А1 – семејнодомувањевостанбеникуќи
**Б – Комерцијални и деловни намени**
Б1 – мали комерцијални и деловни намени
Б5 – хотелски комплекси
**В – Јавниинституции**
В1 – образование и наука
В5 – верски институции
**Г – Производство, дистрибуција и сервиси**
Г2 – лесна и незагадувачка индустрија

**Д – Зеленило, спорт, рекреација и меморијалнипростори**

Д2 – заштитнозеленило
Д3 - спорт и рекреација
Д4 – меморијални простори

**Е – Инфраструктура**

Е1 – комуналнаинфраструктура
Е2 – комуналнасупраструктура-(ТС-трафостаници)
Е3 – некомпатибилна инфраструктура (ТС над 20КВ)

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален и графички дел од планот УПС Кадрифаково, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе, со технички број 3117 од декември 2020 година, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци
- СОГЛАСНОСТ од Министерството за транспорт и врски бр.24-1196/2 од 08.03.2021год.
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета бр.1002-121/23 од 23.01.2020 год.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0801-1087**
**29. 04.2021**
**Свети Николе**

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алкесов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за донесување на Урбанистички план за село Преод, КО Преод, Општина Свети Николе бр. 0801- 1088 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/6**
**29. 04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/2016, 64/18 и 168/18), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.04. 2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план за село Преод, КО Преод, Општина Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВАУрбанистички план за село Преод, КО Преод, Општина Свети Николе, за плански период 2016-2026 година, Општина Свети Николе, со технички број 3178 од декември 2020 година,изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци

**Член 2**

Границатанапланскиотопфат едаденавографичкиотприлог и претставена описно

- Од север границата на планскиот опфат минува по севернитегранници на КП бр. 1738/1, КП бр. 1739, тангира локален пат и продолжувапо северните граници на КП бр. 1726, КП бр. 1725, КП бр. 1723, КП бр.1722. Оттука минува низ КП бр. 1719/1, КП бр. 1719/3, КП бр. 1719/4, КПбр. 1718, КП бр. 1715, КП бр. 1714, КП бр. 1727, источно од КП бр. 1713,покрај локален патен правец, сече воден тек и продолжува по севернитегранници на КП бр. 1870, КП бр. 1873, КП бр. 1874, КП бр. 1875 се до КПбр. 1876.

- Источната граница минува по источната граница на КП бр. 1876,КП бр. 1877, го сече патот кој води кон с. Сопот, продолжува поисточните граници на КП бр. 1885, КП бр. 1886, КП бр. 1888 и тангиралокален патен правец до КП бр. 1889.

- Јужната граница минува по јужните граници на КП бр. 1889, КПбр. 1890, тангира локален патен правец, сече воден тек се до јужнитегранници на КП бр. 1788 и КП бр. 1789.

- Западно границата се движи по западната граница на КП бр.1790, КП бр. 1795/4, минува низ КП бр. 1795, локален патен правец и седвижи низ границите на КП бр. 1739, КП бр. 1738/1.

Планскиот опфат е со површина од **14.7 ха.**

**Член 3**

Соурбанистичкиот план се утврдени следните класи на намени:

**А – Домување**

А1 – семејнодомувањевостанбеникуќи

**В – Јавниинституции**

В1 – образование и наука

В5 – верски институции

**Д – Зеленило, спорт, рекреација и меморијалнипростори**

Д1 – парковско зеленило

Д2 – заштитнозеленило

Д4 – меморијални институции

**Е – Инфраструктура**

Е1 – комуналнаинфраструктура

Е2 – комуналнасупраструктура-(ТС-трафостаници)

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален и графички дел од планот УПС Преод, КО Преод, Општина Свети Николе, со технички број 3178 од декември 2020 година, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци
- СОГЛАСНОСТ од Министерството за транспорт и врски бр.24-1195/2 од 16.03.2021год.
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета бр.1002-123/23 од 23.01.2020 год.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател,**

**Кире Алкесов с.р.**

**Бр. 0801- 1088**
**29.04.2021**
**Свети Николе**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП.35, дел од Блок 3, од ДУП „ЛИВАДИ“, К.О Свети Николе-град,Општина Свети Николе бр. 0801- 1089 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/7**
**29. 04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.04.2021година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Техничка исправка за ГП.35, дел од Блок 3, од ДУП „ЛИВАДИ“, К.О Свети Николе - град, Општина Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВА Техничка исправка за ГП.35, дел од Блок 3, од ДУП „ЛИВАДИ“, К.О Свети Николе - град, Општина Свети Николе, со технички број 3812 од февруари 2021 година, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци.

**Член 2**

Техничка исправка за ГП.35, дел од Блок 3, од ДУП „ЛИВАДИ“, К.О Свети Николе - град,Општина Свети Николе е составен дел на Детален урбанистички план за локалитет „ЛИВАДИ“, КО Свети Николе, Општина Свети Николе донесен со Одлука на Совет на Општина Свети Николесо бр. 0701-393 од 12.07.2000 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател,**

**Кире Алкесов с.р.**

**Бр. 0801- 1089**
**29.04.2021**
**Свети Николе**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Свети Николе за 2021 година бр. 0801- 1090 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/8**
**29. 04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.04. 2021 година,донесе

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

Во точка **А ) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Точката 1 <u>**Индивидуално домување**</u> се дополнува со**:**

1.13 **ГП бр.22** КО Свети Николе ДУП: за дел од населба „Сопотски пат 1’’со Одлука бр. 07-616 од 13.12.2004 година.
1.14 **ГП бр.158** КО Свети Николе ДУП: Дел од МЗ „3“ „Лиска“ со Одлука бр. 13-93 од 28.12.1993 година.

Во точка **5.Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата**
**Приходи**

**СЕ ВКУПНО ПРИХОДИ: Наместо 14.166.706,00 денари треба да стои 14.214.845,оо денари**

Во точка **6.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**
**Расходи:**

-Трошоци по основ на администрирање на постапките за оттуѓување на градежно земјиште **наместо 10% (14166706,оо х 10%) =1.416.671,оо ден. треба да стои 10%(14.214.845,00х 10%)=1.421.484,оо ден.**

**СЕ ВКУПНО РАСХОДИ: Наместо 1.466.671,00оо ден. треба да стои 1.471.484,оо ден.**

.

**Ова дополнување на Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.**

**Бр.0801-1090**
**Свети Николе**
**29.04.2021 год.**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател**
**Кире Алексов с.р.**

| Реден број | Број на градежна парцела | Број на катастарска парцела, Катастарска општина | Површина на градежна парцела () | Површина за градење () | Катност | Основна класа на намена | Компатибилна класа на намена | Почетна цена во денари по | Банкарска гаранција за сериозност на понудата (денари) | Термин за јавно наддавање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | ГП 158 | КП9357/2 КП11416/43 и КП 11415/2 | 367 | 90 | П+1 | А1 | / | 61,00ден. | 15.000,00 ден. | --:-- |
| **2.** | ГП 22 | КП 8099/1 | 422,55 | 211,31 | П+1 | А1 | / | 61,00 | 15.000,00 | -:- |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за материјално-финансиското работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;за период од 01.01. 2021 година до 31.03.2021 година бр. 0801-1091 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/9**
**29. 04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01. 2021 година до 31.03. 2021 година**

1. Советот на Општина Свети Николе го усвои Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01.2021 година до 31.03. 2021 година на седницата одржана на ден 29.04. 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 -1091**
**29.04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал ПРВИ од 01.01.2021 година до 31.03.2021 година бр. 0801- 1092 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/10**
**29. 04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

## Квартален извештај за извршување на буџетот на општина ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 до 31.03.2021 година

Општина : **ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**
Извештаен период : **од 01.01.2021 до 31.03.2021 година**
Датум на поднесување: **15.04.2021**

| | Буџет | | Самофинансир. активности | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | | Останува за реализац. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | |
| **ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :** | **125.659.541** | **25.009.529** | **16.961.098** | **1.829.695** | **193.652.705** | **46.079.306** | **14.913.786** | **4.690.595** | **45.460.258** | **0** | **396.647.388** | **77.609.125** | **319.038.263** |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :** | **97.451.541** | **27.570.552** | **16.188.098** | **1.727.425** | **179.024.242** | **44.268.441** | **5.803.824** | **891.530** | **0** | **0** | **298.467.705** | **74.457.948** | **224.009.757** |
| **КАПИТАЛЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :** | **35.304.614** | **11.396.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.297.671** | **0** | **0** | **35.304.614** | **15.694.171** | **19.610.443** |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ :** | **63.512.614** | **8.065.447** | **773.000** | **103.499** | **14.628.463** | **1.810.865** | **9.109.962** | **5.758.162** | **45.460.258** | **0** | **133.484.297** | **15.737.973** | **117.746.324** |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :*** | ***125.659.541*** | ***25.009.529*** | ***16.961.098*** | ***1.829.695*** | ***193.652.705*** | ***46.079.306*** | ***14.913.786*** | ***4.690.595*** | ***45.460.258*** | ***0*** | ***396.647.388*** | ***77.609.125*** | ***319.038.263*** |
| **71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **58.062.896** | **16.952.881** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **58.062.896** | **16.952.881** | **41.110.015** |
| 711 Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 6.205.000 | 679.702 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.205.000 | 679.702 | 5.525.298 |
| 713 Даноци на имот | 10.242.896 | 3.309.984 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.242.896 | 3.309.984 | 6.932.912 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 38.065.000 | 12.897.575 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 38.065.000 | 12.897.575 | 25.167.425 |
| 718 Такси на користење или дозволи за врШење на дејност | 3.550.000 | 65.620 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.550.000 | 65.620 | 3.484.380 |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **4.085.315** | **851.890** | **16.961.098** | **1.829.695** | **0** | **1.114** | **0** | **0** | **0** | **0** | **21.046.413** | **2.682.699** | **18.363.714** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 705.000 | 171.331 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 705.000 | 171.331 | 533.669 |
| 723 Такси и надоместоци | 1.000.000 | 313.942 | 16.261.098 | 1.824.063 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.261.098 | 2.138.005 | 15.123.093 |
| 724 Други владини услуги | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 100.000 |
| 725 Други неданочни приходи | 2.280.315 | 366.617 | 700.000 | 5.632 | 0 | 1.114 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.980.315 | 373.363 | 2.606.952 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **63.511.330** | **7.204.758** | **0** | **0** | **193.652.705** | **46.078.192** | **14.913.786** | **4.690.595** | **0** | **0** | **272.077.821** | **57.973.545** | **214.104.276** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 63.511.330 | 7.204.758 | 0 | 0 | 193.652.705 | 46.078.192 | 0 | 0 | 0 | 0 | 257.164.035 | 53.282.950 | 203.881.085 |
| 742 Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.913.786 | 4.461.325 | 0 | 0 | 14.913.786 | 4.461.325 | 10.452.461 |
| 744 Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 229.270 | 0 | 0 | 0 | 229.270 | -229.270 |
| **75 ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **45.460.258** | **0** | **45.460.258** | **0** | **45.460.258** |
| 754 Друго домаШно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.460.258 | 0 | 45.460.258 | 0 | 45.460.258 |
| ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :*** | ***35.304.614*** | ***11.396.500*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***4.297.671*** | ***0*** | ***0*** | ***35.304.614*** | ***15.694.171*** | ***19.610.443*** |
| **73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **22.150.000** | **5.024.331** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **22.150.000** | **5.024.331** | **17.125.669** |
| 733 Продажба на земјиш те и нематеријални вложувања | 22.150.000 | 5.024.331 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.150.000 | 5.024.331 | 17.125.669 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **13.154.614** | **6.372.169** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.297.671** | **0** | **0** | **13.154.614** | **10.669.840** | **2.484.774** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 13.154.614 | 6.372.169 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.297.671 | 0 | 0 | 13.154.614 | 10.669.840 | 2.484.774 |
| 743 Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | Буџет | | Самофинансир. активности | | Дотации | | Донации | | Кредити | | **ВКУПНО** | | **Останува за реализац.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :*** | ***97.451.541*** | ***27.570.552*** | ***16.188.098*** | ***1.727.425*** | ***179.024.242*** | ***44.268.441*** | ***5.803.824*** | ***891.530*** | ***0*** | ***0*** | ***298.467.705*** | ***74.457.948*** | ***224.009.757*** |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **34.616.686** | **9.157.554** | **33.330** | **0** | **161.642.241** | **39.465.653** | **0** | **0** | **0** | **0** | **196.292.257** | **48.623.207** | **147.669.050** |
| 401 Основни плати | 22.894.711 | 5.988.773 | 0 | 0 | 116.636.932 | 28.384.519 | 0 | 0 | 0 | 0 | 139.531.643 | 34.373.292 | 105.158.351 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 8.825.975 | 2.404.781 | 0 | 0 | 44.953.309 | 11.077.801 | 0 | 0 | 0 | 0 | 53.779.284 | 13.482.582 | 40.296.702 |
| 404 Надоместоци | 2.896.000 | 764.000 | 33.330 | 0 | 52.000 | 3.333 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.981.330 | 767.333 | 2.213.997 |
| **41 РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **800.000** | **81.610** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **800.000** | **81.610** | **718.390** |
| 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 100.000 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 700.000 | 81.610 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 | 81.610 | 618.390 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **37.999.000** | **7.264.443** | **16.154.768** | **1.727.425** | **16.782.001** | **4.262.854** | **5.803.824** | **891.530** | **0** | **0** | **76.739.593** | **14.146.252** | **62.593.341** |
| 420 Патни и дневни расходи | 990.000 | 12.685 | 85.000 | 0 | 0 | 0 | 2.836.836 | 44.950 | 0 | 0 | 3.911.836 | 57.635 | 3.854.201 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 8.085.000 | 1.910.230 | 1.829.000 | 259.213 | 9.369.559 | 2.878.814 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.283.559 | 5.048.257 | 14.235.302 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 5.170.000 | 966.695 | 10.133.000 | 971.674 | 2.402.000 | 288.508 | 266.295 | 16.700 | 0 | 0 | 17.971.295 | 2.243.577 | 15.727.718 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 8.105.000 | 1.962.613 | 867.898 | 51.760 | 1.627.431 | 684.021 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.600.329 | 2.698.394 | 7.901.935 |
| 425 Договорни услуги | 11.689.000 | 1.647.355 | 1.246.670 | 170.048 | 2.747.969 | 281.711 | 2.604.021 | 828.480 | 0 | 0 | 18.287.660 | 2.927.594 | 15.360.066 |
| 426 Други тековни расходи | 3.060.000 | 568.783 | 1.793.200 | 274.730 | 635.042 | 129.800 | 96.672 | 1.400 | 0 | 0 | 5.584.914 | 974.713 | 4.610.201 |
| 427 Привремени вработувања | 900.000 | 196.082 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.100.000 | 196.082 | 903.918 |
| **45 КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **70.000** | **12.773** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **70.000** | **12.773** | **57.227** |
| 452 Каматни плаЌања кон домаШни кредитори | 70.000 | 12.773 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 | 12.773 | 57.227 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **17.915.855** | **8.130.058** | **0** | **0** | **600.000** | **539.934** | **0** | **0** | **0** | **0** | **18.515.855** | **8.669.992** | **9.845.863** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 3.310.000 | 715.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.310.000 | 715.000 | 2.595.000 |
| 464 Разни трансфери | 14.155.855 | 7.415.058 | 0 | 0 | 600.000 | 539.934 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.755.855 | 7.954.992 | 6.800.863 |
| 465 Исплата по изврШни исправи | 450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450.000 | 0 | 450.000 |
| **47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **1.250.000** | **544.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.250.000** | **544.000** | **706.000** |
| 471 Социјални надоместоци | 1.250.000 | 544.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.250.000 | 544.000 | 706.000 |
| **49 ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **4.800.000** | **2.380.114** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.800.000** | **2.380.114** | **2.419.886** |
| 491 Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 4.800.000 | 2.380.114 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.800.000 | 2.380.114 | 2.419.886 |
| ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ :*** | ***63.512.614*** | ***8.065.447*** | ***773.000*** | ***103.499*** | ***14.628.463*** | ***1.810.865*** | ***9.109.962*** | ***5.758.162*** | ***45.460.258*** | ***0*** | ***133.484.297*** | ***15.737.973*** | ***117.746.324*** |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **63.512.614** | **8.065.447** | **773.000** | **103.499** | **14.628.463** | **1.810.865** | **9.109.962** | **5.758.162** | **45.460.258** | **0** | **133.484.297** | **15.737.973** | **117.746.324** |
| 480 Купување на опрема и маШини | 898.000 | 64.055 | 443.000 | 28.499 | 682.000 | 404.834 | 109.962 | 87.970 | 0 | 0 | 2.132.962 | 585.358 | 1.547.604 |
| 482 Други градежни објекти | 59.264.614 | 8.001.392 | 130.000 | 75.000 | 13.139.011 | 1.377.031 | 9.000.000 | 5.670.192 | 45.460.258 | 0 | 126.993.883 | 15.123.615 | 111.870.268 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 | 110.000 | 0 | 807.366 | 29.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 917.366 | 29.000 | 888.366 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 3.000.000 | 0 | 90.000 | 0 | 86 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.090.086 | 0 | 3.090.086 |
| 486 Купување на возила | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 | 0 | 350.000 |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ :**

Бр.0801-1092

29.04.2021

Свети Николе

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**

**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2021 година бр. 0801- 1093 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29. 04. 2021 година.

**Бр.0901- 1106/11**
**29. 04. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

**Градоначалник на Општина Свети Николе**

тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911

e-mail: info@svetinikole.gov.mk

www.svetinikole.gov.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА ПРВИОТ КВАРТАЛ ЗА 2021 ГОДИНА

**31.03.2021 год**.

Општина Свети Николе во текот на првиот квартал од 01.01.2021 до 31.03.2021 година има реализација на Буџетот на Општина Свети Николе во вкупен износ од **93.303.296,00 денари** или изразено во процент изнесува **21,6 %,** споредено план со реализација.

Основниот буџет на Општина Свети Николе за првиот квартал има реализација од **36.406.029,00** денари или изразено во проценти изнесува **22,62%**. Со анализата која е направена во одделението за буџет и буџетска координација констатирано е дека општината постепено ја зголемува својата ликвидност со тоа што се обидува да изврши исплата на заостанатите обврски кон коминтентите и се обидува да оствари максимално прибирање на приходите со што би се овозможило поголема финансиска сигурност. Според вкупните приходи општинскиот основен буџет има реализација во приходниот дел во вкупен износ од **55.093.943,00** денари со пренесениот вишок на приходи од предходни години, а од истите реализација на расходите во вкупен износ од **35.635.999,00 ,** и салдото на **31.03.2021** е во износ од **19.457.944,00** денари .

Од севкупните расходи на ставките 401,402 и 404 кои се однесуваат за исплата на плата, надоместоци и придонеси има потрошено **9.157.554,00,** а остатокот на средства се за исплата на обврските кои општината ги сервисира и е на повидок да се воведе максимална финансиска контрола и дисциплина во делот на исплатата на основниот буџет.

Ако се направи анализа на средствата како се реализирани и потрошени како реализација/план за овој прв квартал од 2021 се добива следната слика на реализација на трошоци во основниот буџет:

- За плати и надоместоци на вработените во локалната самоуправа се потрошени **25,70%** од вкупните расходи, а соодносот реализација/план е **26,45%**

- за непредвидени трошоци од тековната резерва потрошени се **81.610,00** денари и овој износ во вкупните трошоци влегува со **0,23%** или споредено план/реализација **11,66%**

- За патување во земјата патни трошоци, споредни трошоци и патарини како и трошоци направени во државата во кој спаѓаат и сместувањата има направено трошок кој изразен во процент изнесува помалку од **0,04%** од вкупните трошоци или во денари изразено изнесува **12.685,00** денари, а соодносот реализација/план е **1,77%**

- За комунални услуги во кој спаѓаат(електрична енергија, огрев, телефон и телефакс, регистрација на моторни возила, гориво и масла, пошта ) исплатени се **23,63%** од планираните трошоци или во денари изразено изнесува **1.910.230,00** денари, а во однос на вкупните трошоци е **5,36%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **421** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ,ГРЕЕЊЕ,КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | **1.910.230** |
| 421110 | Електрична енергија | 1.035.289 |
| 421120 | Водовод и канализација | 219.399 |
| 421190 | Други комунални такси | 11.760 |
| 421240 | Течни горива | 137.194 |
| 421310 | Пошта | 86.250 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 178.310 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 7.044 |
| 421410 | Горива и масла | 200.000 |
| 421420 | Регистација на моторни возила | 7.579 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 27.405 |

- За материјали и ситен инвентар во кој спаѓа и одржувањето на уличното осветлување, како и сите поправки кои се направени во општинската зграда, во овој дел спаѓа и набавката на материјали за посебни намени, самиот износ за овие трошоци изнесува **966.695,00** или **18,7%** од планираните трошоци**,** во однос на вкупните трошоци реализирано е **2,7%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **423** | **МАТЕРИЈАЛИ И АЛАТИ** | **966.695** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 105.996 |
| 423120 | Списанија,весници и др.изданија | 6.850 |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалоци | 330.616 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 44.110 |
| 423810 | Ситен инвентар | 8.424 |
| 423910 | Друхи материјали за специјална намена | 470.699 |

- За поправки и одржување на моторни возила,поправка и замена на резервни делови гуми и други делови кои се потребни за возниот парк на општината како и за одржување на зелени површини се потрошени средства во износ од **1.962.613,00** денари или во проценти **24,21%** од планираното, во однос на вкупните трошоци реализирано е **5,5%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **424** | **ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | **1.962.613** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила | 0 |
| 424120 | Поправки и сервисирање на товарни возила | 101.550 |
| 424210 | Одржување на згради | 40.000 |
| 424230 | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 0 |
| 424320 | Одржување на автопати,улици и патишта | 892.717 |
| 424390 | Одржување на други градби | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 28.232 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 213.046 |
| 424590 | Одржување на др.зелени пвршини | 687.068 |

- За други договорни услуги ангажирање на лица кои имаат извршено определени услуги кон општината, надомест за експропријација , исплата на проекти за урбанистички и просторни планови, примарна заштита, услуги за копирање и печатење има реализирано **1.647.355,00** денари или **4,62%** од вкупните расходи, а реализирано во однос на планирано е **14,09%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **425** | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | **1.647.355** |

| | | |
|---|---|---|
| 425190 | Изнајмување на др.опрема и опрема за специјални намени | 0 |
| 425220 | Банкарска провизија | 3.430 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 5.700 |
| 425320 | Судски вештачења | 6.500 |
| 425360 | Плаќање на судска такса | 6.240 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 |
| 425530 | Уништување на штетни животни | 42.480 |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 536.282 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање,печатење и издавање | 0 |
| 425930 | Научно истражување | 298.015 |
| 425970 | Консултански услуги | 99.863 |
| 425980 | Надзор над одржување на градби | 75.331 |
| 425990 | Други договорни услуги | 573.514 |

- За расходите кои се однесуваат на репрезентација, посета на семинари и конференции, објава на огласи, членарина во домашни и странски заедници има издвоено средства во износ од **568.783,00** денари или **18,59%,** а во однос на вкупните расходи **1,6%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **426** | **ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **568.783** |
| 426120 | Членарини во домашни организации | 40.068 |

| | | |
|---|---|---|
| 426210 | Расходи за репрезентација | 3.130 |
| 426310 | Семинари и конференции | 17.340 |
| 426410 | Објавување на огласи | 279.891 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 228.354 |

- На ставката 427 која се однесува за привремени вработувања за лицата вработени по договор со Агенција за привремени вработувања потрошени се **196.082,00** или во однос со вкупните расходи **0,55%.**
